**ОПШТИНА БИТОЛА**
**ОБЈАВА БР.1/2016**
**Бр.12-10/2016**
**05.02.2016 г.**

# За продажба на движни ствари во пранешна Касарна на АРМ и возила кои се во сопственост на општина Битола по пат на јавно електронско наддавање
# (прва објава)

Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на општина Битола врз основа на член 46, 47, 48, и 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр.78/15,106/15 и 153/15) согласно извештај за извршена процена од овластен проценител „Наса Ком“ ДОО Скопје, објавува продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање сопственост на општина Битола.

**ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

**1 Продажба со електронско јавно наддавање движни ствари кој се наоѓаат на КП бр.17595/1, м.в. „Хераклеа“ КО Битола 800 согласно табеларниот преглед и** Одлука на Советот на Општина Битола бр.09-454/4 од 31.08.2015 (Службен гласник на општина Битола бр.11/15).

| | Вкупно по објекти и локации | кг | денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Пекара | 6.319,00 | 58.712,оо |
| 2 | Објект пред ПЕГАЗ | 1.315,00 | 12.231,оо |
| 3 | Објект бр.53 | 262,70 | 2.417,оо |
| 4 | Котлара | 71.170,00 | 679.764,оо |
| 5 | Комори | | 265.000,оо |
| 6 | Фискултурна сала до објект со комори | 470,00 | 27.22о,оо |
| 7 | Објект перална | 5.150,00 | 47.38о,оо |
| 8 | Паровод надворешно поставени цевки | 36.505,00 | 335.846,оо |
| 9 | Остатоци од метална ограда со ромб мрежа | 5.850,00 | 57.33о,оо |
| | Вкупно : | 127.042,00 | 1.485.9оо,оо |

**2. Продажба со електронското јавно наддавање движни ствари-возила** согласно Одлука бр.09-513/28 од 23.12.2015 година, (Службен гласник на општина Битола бр.16/15).

**1.**Патничко возило **DAEWOO TICO SE**, година на производство 2002, регистарски таблици BT-222-CF, вид на мотор-бензин бр.F8C504315, број на шасија KLA3S11BBYC664781, потекло Јужна Кореја, моќност 26,7 KW, боја 01 бела, прва регистрација 2002, изминати километри 140 000, сообраќајна дозвола бр.MK1639578 возилото е ргистрирано до 31.07.2016 година, во возна состојба.

**Почетна цена : 60.000,оо денари**.

**2.**Патничко возило **LADA 110 21102 MI**, година на производство 2000, регистарски таблици BT-350-BZ, вид на мотор-бензин бр.0116566, број на шасија 21102S0194090, потекло Русија, моќност 51 KW, боја 8D темнокафеава, прва регистрација 2000, изминати километри 308 014, сообраќајна дозвола бр. MK1913023 возилото е регистрирано до 19.05.2016 година, во возна состојба.

**Почетна цена : 47.350,оо денари**.

**3.**Патничко возило **LADA NIVA 1600**, година на производство 1987, регистарски таблици BT-336-BB, вид на мотор-бензин и плин бр.9377464, број на шасија XTA21200H0551015, потекло Русија, моќност 55,9 KW, боја 74 и 01 светло црвена и бела, прва регистрација 1987, изминати километри /, сообраќајна дозвола бр. МК0166378 возилото е регистриранно до 14.04.2016 година, неисправно.

**Почетна цена : 30.750,оо денари**.

**4.**Патничко возило **JUGO SKALA 55**, година на производство 2000, регистарски таблици BT-360-BZ, вид на мотор бензин бр.1557306, број на шасија VX1128A0001090791, потекло Србија, моќност 40 KW, боја 76 темно-црвена, прва регистрација 2000 година, изминати километри 112 208, сообраќајна дозвола бр. МК 0045367 возилото е регистрирано до 21.05.2016 година, во возна состојба.

**Почетна цена : 60.000,оо денари**.

**5.**Патничко возило **ZASTAVA JUGO 55 AX**, година на производство 1988, регистарски таблици BT-112-DB, вид на мотор бензин бр.1489813, број на шасија 00217793, потекло Србија, моќност 40 KW, боја 40 зелена, прва регистрација 1988, изминати километри 171 264, сообраќајна дозвола бр. МК0229547 возилото е регистрирано до 19.11.2016 година, во возна состојба.

**Почетна цена : 24.000,оо денари**.

**6.**Патничко возило **AUDI A6**, година на производство 1994, регистарски таблици BT-2525-AB, вид на мотор дизел бр.AAT016357, број на шасија WAUZZZ4AZSN053783, потекло Германија, моќност 85 KW, боја 91 темно плава, прва регистрација 1994, изминати километри /, сообраќајна дозвола МК1963557 возилото е регистрирано до 30.08.2015 година, неисправно.

**Почетна цена : 104.550,оо денари**.

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои што ги исполнуваат условите дадени во објавата.

**УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени јавни наддавања спроведени преку овој систем, за него сеуште важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, доделена заради негово учество во претходните постапки и тоа на ниво на целиот систем (се мисли на учество во постапка која ја спроведувала било која општина).

Пријавата за учество на јавното електронско наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање, секое физичко и правно лице треба пртходно да се регистрира и достави на страната **www.e-stvari.com.mk**. Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетни согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата во рок од (3) дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното електронско наддавање, а на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното електронско наддавање.

Документи потребни за пријава за јавно електронско наддавање се следните :

Изјава со која ги прифаќаат условите што се дадени во објавата,

Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2% од проценетата вредност на движната ствар, за учество на јавното електронско наддавање. Покрај електронски банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал да се достави и до Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на општина Битола на денот кога се доставува комплетната документација по електронски пат.

Доказ за индетитет,

Тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија,

Е – маил адреса на поднесувачот на пријавата, преку која што ќе се врши постапката на регистрирање за учество во јавното електронско наддавање на која што ќе им биде испратено корисничко име и шифрата за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

Објавата трае 15 (петнаесет) дена почнувајќи од **05.02.2016 г**. до **22.02.2016 г.**

Јавното електронско наддавање ќе се одржи на интернет страницата : **www.e-stvari.mk.**

Јавното електронско наддавање ќе започне на ден **26.02.2016 г. (петок)**, со почеток во **14.00** часот и ќе трае до **14.30** часот.

**ПОЧЕТНА ЦЕНА**

Почетните цени на продажбата од објавата се дадени во табеларниот преглед. За возилата се дадени под нивните карактеристики.

**БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

Банкарската гаранција за сериозност, за учество на јавното електронско наддавање изнесува 2% од проценетата вредност на недвижната ствар.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното електронско наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното електронско наддавање, а банкарската гранција на најповолнниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.

**РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Пријавите за учество на јавното електронско наддавање се доставуваат до **22.02.2016** година (Понеделник) год. во електронска форма на интернет страницата **www.e-stvari.mk**

**ПОСТАПКА**

Јавното електронско наддавање започнува со објавување на почетната цена на продажбата и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Јавното електронско наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил само еден учесник кој што ги исполнува условите од објавата и ја наддаде почетната цена.

Јавното електронско наддавање се смета дека е завршено во моментот од истекот на времето определено во објавата.

Доколку во истекот на последните (2) две минути од определеното време на траењето на јавното електронско наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, тогаш крајниот рок за завршувањето на јавното електронско наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за време од следните (2) две минути нема да биде дадена нова понуда.

За најповолен понудувач се смета учесникот во јавното електронско наддавање кој што понудил последна цена за продажбата која што претставува највисока цена за продажба.

По завршувањето на јавното електронско наддавање, Комисијата изготвува записник за спроведеното јавно електронско наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното електронско наддавање.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на постапката на јавно електронско наддавање е должен да ги уплати средствата на **Трезорска сметка 100-0000000630-95, Банка на примачот НБРМ, уплатна сметка 840-103-06548**, **приходна шифра 731117 и програма 00** во согласност со постигнатата крајна цена на продажбата, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно електронско наддавање за предметните движни ствари.

Со најповолниот понудувач во рок од пет работни денови по извршената уплата на продажбата се склучува договор за продадените движни ствари, во писмена форма кој во рок од 30 дена се доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

Нотарските и даночните трошоци се обврска на купувачот.

Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното електронско наддавање, во рок од три (3) дена од одржувањето на јавното електронско наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од (5) дена од приемот на приговорот.

**Против Решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Детални информации врзани за објавата можат да се добијат во Одделението за имот и имотно правни работи на општина Битола, и на телефоните: **047/208-312, 047/208-313** и **047/208-324**.

**Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на општина Битола**

**ГБ**